**Работно место: Раководител на повикувачки центар – Регион Северна Македонија**

**Локација: Скопје, Северна Македонија**

**За нас: ODM Collections (ODMC)** — ODM Collections е брзорастечка компанија во областа на управување и откуп на побарувања во регионот на Западен Балкан. Од 2013 година наваму, процесиравме милиони предмети и работиме со клиенти во шест јурисдикции. Нашата работа ја темелиме на експертиза во финансии, право, заштита на лични податоци и грижа за клиентите. Користиме напредни ИТ решенија, аналитика и строги етички стандарди.

**Опис на работната позиција**

Како Раководител на повикувачки центар, ќе бидете одговорни за водење и мотивирање на тим во наплатата на побарувања, обезбедувајќи високи стандарди на професионалност, ефикасност и усогласеност со законските и етичките правила. Ќе бидете клучната алка меѓу менаџментот и секојдневното оперативно работење.

**Клучни задачи и одговорности:**

- Организирање и планирање на секојдневното работење на повикувачкиот центар;
- Креирање и имплементација на стратегии за ефикасна наплата на побарувањата;
- Следење и анализа на KPI индикатори и резултати на тимот, како и идентификување области за подобрување;
- Подготовка на KPI и други Извештаи по потреба или барање на претпоставените;
- Учество во регрутација, обука и развој на членовите на тимот;
- Комуникација и координација со други оддели (Правен, Финансии, ИТ, Back-office) за непречено работење;
- Поттикнување култура на почит, професионалност и етика во односот со должниците и соработниците;
- Директна одговорност пред Извршниот директор (CEO) и Регионалниот менаџер на повикувачки центар за оперативните резултати;
- Одговорност за ефикасност во наплата на побарувањата.

**Потребни квалификации и вештини:**

- Напредно познавање на Excel
- Работа со KPI индикатори;
- Познавање на процесите и стандардите за наплата на побарувања;
- Развиени аналитички способности и вештини за самостојно донесување одлуки;
- Лидерски и организациски способности;
- Искуство во управување со тим;
- Способност за работа под притисок и постигнување резултати;
- Основно познавање на српски јазик;
- Основно познавање на албански јазик (опционално).

**Предност ќе имаат кандидатите кои работеле во банкарска средина или во финансиско друштво*

**Нудиме:**

- Конкурентна плата (900-1300 Евра);
- Бонуси според резултатите;
- Регрес за годишен одмор;
- Можности за професионален развој и унапредување;
- Динамична и мотивирачка работна средина.

**Како да аплицирате:**
Доколку сметате дека поседувате способности и вештини да се издвоите од останатите кандидати на пазарот на труд во областа за наплата на побарувања, Ве повикуваме да аплицирате со испраќање на Вашата професионална биографија (CV) и Мотивациско писмо на македонски и англиски јазик, на следната e-mail адреса: recruitment@odmc.mk, со назнака: **„Раководител на повикувачки центар“.**

**Само кандидатите кои ќе влезат во потесен избор ќе бидат повикани на разговор.*

**ODM Collections е мултинационална организација, која се стреми да ги негува вредности на сите националности. Затоа ги охрабруваме сите кандидати без оглед на национална, верска или друга припадност да аплицираат и да се придружат на нашиот тим.*

***Заштита на лични податоци***

*Со аплицирање на овој оглас, кандидатите изразуваат согласност нивните лични податоци да бидат обработувани од страна на работодавачот, исклучиво за потребите на процесот на селекција и вработување, согласно одредбите од Законот за заштита на лични податоци.*

*Собраните податоци ќе се користат само за наведената цел и нема да бидат споделувани со трети лица. Работодавачот ќе ги чува личните податоци во рок утврден согласно законските прописи, по што истите ќе бидат соодветно избришани или уништени.*

*Кандидатите имаат право на пристап, исправка или бришење на своите лични податоци, како и право да ја повлечат согласноста за обработка во секое време, со доставување на барање на електронската адреса наведена во огласот.*